Друштво за откуп и преработка на секундарни суровини увоз-извоз доо
**ЈУГОСУРОВИНА**
Бр. 0307/1
05.08.2020
СТРУМИЦА

Друштво за градежништво,производство,трговија и услуги СИМ ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДОО
Бр. 03-95
26.08.2020 год.
Струмица

ДОПСС „ЈУГОСУРОВИНА" ДОО МК4027996100782

УНИВЕРЗАЛ ГРАДБА ДООЕЛ
Бр. 03/193
26.08.2020 год.
Струмица

# ДОГОВОР НА ДЕЛОВНО ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

Склучен на ден 05.08.2020 год. во Струмица, Р.Македонија помеѓу

1. **ДОПСС „ЈУГОСУРОВИНА" ДОО Увоз-Извоз Струмица,** основана и регистрирана во Р. Македонија, со седиште на ул. „Климент Охридски", бр.1, со ЕДБ МК4027996100782 и Дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.УП1-31-758/2018 од 09.07.2018 год. застапувано од управителот Марјан Кавазов, во понатамошниот текст **ПРЕВЗЕМАЧ** на отпадот, од една страна и

2. **ДГПТ "СИМ ИНЖЕНЕРИНГ " ДОО Струмица,** со седиште на ул. "Ленинова" бр.ББ ГТЦ Глобал/2 кат во Струмица, со ЕДБ 4027005146917, и ЕМБС: 6056997 застапувано од управителот Сашко Брндевски

**И**

**ДПУТ "УНИВЕРЗАЛГРАДБА " ДОО Струмица,** со седиште на ул. "Ленинова" бр.44 ГТЦ Глобал/2 кат лок.бр 49 во Струмица, со ЕДБ 4023003114478, и ЕМБС: 5825539 застапувано од управителот Слободан Милчов од друга страна, во понатамошниот текст **ПРЕДАВАЧ** на отпадот.

***Член 1***

Предмет на овој договор е регулирање на правата и обрвските на договорените страни во врска со преземање на отпадната хартија, отпадната пластика, отпадната фолија, отпадното железо, обоените метали, акумулаторите, односно целокупниот цврст неопасен секундарен отпад.

Под неопасен секундарен отпад во овој Договор спаѓаат:

- Отпадно железо до 3 мм 160117
- Отпадно железо од 3 до 6 мм 160117
- Отпадно железо над 6 мм 160117
- Отпадни акумулатори 160601
- Отпадна хартија, балирана 150101
- Отпадна ПЕТ Амбалажа 150102
- Отпадна пластика 160119
- Отпаден најлон од пакување 150102
- Отпаден бакар 160118
- Отпаден алуминиум 160118
- Отпаден месинг 160118
- Отпадни ладници 160118
- Отпаден прохром 160118
- Отпадно олово 160199
- Отпадни лименки 160118
- Отпаден цинк 160118

***Член 2***

ПРЕДАВАЧОТ на отпадот има обврска да го доставува целокупниот секундарен отпад во стопанскиот двор на ПРЕВЗЕМАЧОТ на отпадот со свои средства. Исклучоци може да се направат исклучиво со претходна согласност на двете страни.

***Член 3***

ПРЕВЗЕМАЧОТ на отпадот има обврска да ги исплаќа доставената или собрана отпадна хартија, отпадна фолија, отпадна пластика, отпадно железо, обоени метали, акумулатори, односно целокупниот неопасен секундарен отпад по тековниот ценовник на ПРЕВЗЕМАЧОТ на отпадот на денот на доставување/собирање.

***Член 4***

ПРЕДАВАЧОТ на отпадот се задолжува целокупниот неопасен секундарен отпад да го предава на ПРЕВЗЕМАЧОТ на отпадот, а доколку истиот биде предаден на друг субјект, ПРЕВЗЕМАЧОТ го задржува право да го раскине овој Договор, со што ПРЕДАВАЧОТ ќе биде писмено известен, како и Министерството за животна средина, односно Државниот инспекторат при Министерството за животна средина и просторно планирање.

***Член 5***

ПРЕВЗЕМАЧОТ на отпадот се задолжува навремено, согласно законските прописи, да го исплати преземаниот неопасен секундарен отпад. Доколку таквиот не биде исплатен во наведениот временски рок, ПРЕДАВАЧОТ на отпадот го задржува правото да го раскине овој договор.

***Член 6***

ПРЕВЗЕМАЧОТ на отпадот е задолжена да доставува месечни извештаи за вкупно предадениот отпад од страна на ПРЕДАВАЧОТ на отпадоти истите да ги доставува по потреба, односно да бидат достапни на ресорните државни органи.

***Член 7***

Сите евентуални спорови произлезени од овој Договор ќе се решаваат спогодбено, а доколку спогодба не е постигната, за решавање на споровите надлежен е Основниот суд во Струмица.

***Член 8***

Договорот е со важност од 1 (една) година од денот на потпишување, односно доколку истиот не биде предвремено раскинат врз основа на некој од членовите на овој договор од една од договорените страни, по пат на писмено известување доставено до другата страна.

**Член 9**

Договорот е сочинет во 3 (три) примероци од кои 1 (еден) примероци за ПРЕВЗЕМАЧОТ и 2 (два) за ПРЕДАВАЧОТ на отпадот.

**Превземач на отпад,**
**ДОПСС „ЈУГОСУРОВИНА" ДОО Струмица**

____________________
Потпис / м. п.
Одговорно лице Марјан Кавазов.

**Предавач на отпад,**
**ДГПТ "СИМ ИНЖЕНЕРИНГ " ДОО Струмица**

____________________
Потпис / м. п.
Одговорно лице Сашко Брндевски.

**ДПУТ "УНИВЕРЗАЛГРАДБА " ДОО Струмица**

____________________
Потпис / м. п.
Одговорно лице Слободан Филипов.